Врз основа на член 18 од Законот за Здруженија и фондации (Службен весник на Р.М. бр.52/2010), Собранието на **Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" -Скопје,** со седиште во Скопје на ул. "Виетнамска" бр.7 на седницата одржана на ден 25.10.2017 година во Скопје, го утврди пречистениот текст на следниот:

# СТАТУТ
## на Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" Скопје

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут особено се уредуваат:

- името и седиштето на Здружението;
- цели на Здружението;
- дејностите со кои се остваруваат целите;
- видот на органите и нивниот состав, начинот на избор и разрешување, траење на мандатот на членовите во органите и начинот на одлучување;
- начинот на стекнување и располагање со средствата;
- начинот на остварување на јавност и отчетност во работата;
- начинот на одлучување за зачленување, исклучување и престанок на здружувањето во здружението;
- правата, обврските и одговорностите на членовите;
- застапувањето по закон;
- начинот на донесување, изменување и дополнување на статутот;
- начинот на одлучување за статусни промени и престанок на здружението;
- постапувањето со средствата и/или имотот во случај на престанок на здружението и
- начинот на донесување на финансиски и други извештаи;
- начинот на донесување на планови и програми;
- други прашања утврдени со закон.

Со Статутот на здружението дополнително се уредуваат и:

- знакот и симболот на здружението
- внатрешните организациони форми (подружници, ограноци и сл.)
- начинот на донесување на другите акти
- судир на интереси
- начин на разрешување на спорни прашања и
- други прашања од значење за работата на здружението

Член 2

Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" претставува Здружение кое е формирано врз: доброволни, непартиски, непрофитни, демократски односи кои се насочени кон заштита на интересите на членовите на Здружението, со цел подобрување, унапредување и развивање на капацитетите на маргинализираните групи во општеството со посебен фокус на Ромската заедница, граѓанскиот и бизнис секторот.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ 1 СКОПЈЕ

Член 3

Здружението на граѓани Ромски Ресурсен Центар Скопје е непрофитно, независно, јавно, транспарентно и непартиско здружение на граѓани, настанато со здружување на луѓето кои се грижат за промовирање на основните цели на здружението.

Здружението се организира и делува на локално, национално и меѓународно ниво.

Член 3а

Здружението не е основано за стекнување на добивка.

Здружението остварува активности со кои се стекнува добивка, при што приходите, имотот на организацијата се користат единствено за остварување на нејзините цели, и истите не смеат да се делат помеѓу членовите од Здружението без оглед дали лицето е основач, член, вработен, директор, член на извршниот одбор или друг орган или кое било друго со нив поврзано лице.

Член 4

Здружението има својство на правно лице и со тоа својство се стекнува со денот на уписот во Регистарот на здруженија.

Член 5

Здружението своите активности ќе ги остварува врз основа на Законите во Републиката, врз основа на Статутот, одлуките на Собранието и неговиот Извршен орган, во рамките на нивните овластувања.

## 2. ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 6

Името на Здружението е: Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" .
Скратениот назив гласи: РРЦ

Во меѓународните односи, здружението ќе го користи името во превод на англиски јазик: Roma Resource Center и скратен назив RRC

Седиштето на Здружението е на адреса:
ул. "Виетнамска" бр. 7, Општина Шуто Оризари
1000 Скопје
Македонија.

Член 7

Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма, на кој е впишан името на Здружението на кирилско писмо и Македонски јазик, кој гласи: Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" Скопје.

Штембилот е со правоаголна форма, со впишан текст на името на Здружението, кој гласи: Здружение на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" Скопје, со рубрика, деловен број и датум.



ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ

Член 8

Во работењето и контактите со надлежните институции, органи и организации и во земјата и во странство се употребува името запишано во надлежниот регистар.

## 3. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 9

Основни цели и задачи на здружението се:

- Јакнење на индивидуалните вештини на граѓаните преку неформална едукација;
- Социјална вклученост на маргинализирани групи и родова еднаквост
- Придонес кон подобра меѓуетничка толеранција и транспарентно општество
- Придонес кон подобрување на локален економски развој на единиците на локалната самоуправа;
- Јакнење на човечки капацитети на РРЦ и независно и самостојно функционирање;

Член 10

Целите *Здружението* ќе ги остварува согласно дејностите од јавен интерес дефинирани во Законот за здруженија и фондации Член 74:

1. развој на демократијата, граѓанското општество и човековите права
2. заштита на деца и младинци
3. заштита на маргинализирани лица и нивно социјално вклучување
4. здравство, унапредување на здравјето и медицинска грижа
5. уметност, култура и заштита на културното наследство
6. локален и инфраструктурен развој
7. наука, образование и обука во образовниот процес

и тоа преку следниве поконкретни активности:

- Обуки, доусовршување и градење на капацитети - организирање на курсеви, семинари, и други форми на размена на знаење и искуства за граѓанскиот сектор, локалната самоуправа, бизнис секторот и други институции;
- Испитување на јавното мислење, истражување за различни потреби, изготвувања на анализи и други видови извештаи;
- Публикување на информативни и едукативни матерјали, брошури и други публикации кои ќе бидат во функција на остварување на целите и задачите на здружението;
- Иницирање средби, советувања, симпозиуми и конгреси со цел за помагање и размена на информации од областа на културна едукативна, економска и правна еманципација на Ромите;
- Развивање на стратешки планови и програми на профитни, непрофитни организации, институции на централната или локалната самоуправа и бизнис секторот;
- Застапување за подобрување на постојните закони или воведување на нови закони, подзаконските акти, националните и локалните стратегии и програми за унапредување на правата на маргинализираните групи.

Член 11

Своите цели *Здружението* ги остварува преку соработка со Владата на Република Македонија и нејзините релевантни институции, граѓанските институции, граѓанските здруженија, меѓународни организации како и бизнис секторот.

Член 12

За реализирањето на наведените цели и задачи, Здружението може:

- да основа посебни органи, организации, заедници, фирми, институции и Фондации;
- да ангажира повремени или постојани научни и стручни институции, експерти и соработници.

Член 13

Здружението води евиденција за исполнување на своите цели и задачи и издава информативни и други писмени форми за фактите за коишто води евиденција.
На барање на членовите, Здружението ќе им овозможи увид во документацијата.

## 4. <u>ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО</u>

Член 14

Работата на Здружението е јавна.
Јавноста се обезбедува со изготвување на редовни извештаи за неговото работење, со овозможување увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување на извештај за работа на органите и телата на Здружението за начинот на користење на средствата, за материјално финансиското работење и други (годишни или периодични финансиски) извештаи.

За информирање на потенцијалните членови на Здружението и пошироката јавност, се користи печатот, радиото, телевизијата, интернетот како и периодичните публикации на Здружението кои можат да се издаваат заради информирање и транспарентност во остварување на целите и задачите.

Член 15

Органите на Здружението се обврзуваат да обезбедат систем на информирање на јавноста, како и објавување на актите на пригоден начин.

Член 16 ЧЛЕНСТВО

Член на Здружението може да биде секој граѓанин на РМ или странец кој може да даде придонес во работата на здружението без оглед на: нивниот пол и род, возраст, етничката припадност, нивната раса, сексуалната ориентација, брачен статус, политички, религиозни и други уверувања или болест, инвалидитет и други недостатоци.

Горенаведените принципи *Здружението* ќе ги применува и при вработување на персонал, обезбедување услуги и односно при сите аспекти на својата работа.

Малолетно лице со наполнети 14 години се зачленува во Здружението со давање потпишана изјава за согласност на неговиот законски застапник за зачленување во организацијата во согласност со закон.

Член 17

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ

Членувањето во Здружението е слободно и доброволно. Постојат два вида на членство: полноправно и придружно. Полноправните членови имаат право на одлучување и право на глас во Собранието на Здружението. Придружните членови немаат право на глас.

Зачленувањето во здружението се врши со потпишување на писмена изјава - пристапница до Управниот Одбор.

Секој може да достави изјава за прием во членство на здружението. Во изјавата задолжително се назначува видот на членството.

Управниот Одбор го претставува и го препорачува членот кој сака да пристапи кон Здружението пред Собранието кое што по пат на мнозинско гласање го потврдува неговото членство од страна на Собранието.

Полноправниот член редовно плаќа годишна членарина. Придружниот член не плаќа членарина.

Член 17а

Висината на членарината за наредната година ја одредува Управниот Одбор која што се поднесува на гласање пред Собранието. Висината на членарината се утврдува на крајот од тековната година најдоцна до 25 декември. Полноправните членови се известуваат по писмен пат за висината на членарината.

Членарината се однесува на период од 12 месеци за една календарска година и се плаќа еднократно, најдоцна до крајот на месец Март во тековната година.

Доколку Управниот одбор не предложи пред Собранието нов износ на членарина, во тој случај ќе се применува претходната одлука.

На полноправниот член кој што нема да ја подмири членарината во рок од шест месеци од денот на настанување на обврската, може да му биде одземено полноправното членство.

Единствено членовите кои имаат платено членарина и право на глас можат да бидат бирани во Управниот одбор или други работни групи.

Член 17б

Следните членови без разлика на која категорија припаѓаат немаат право на глас и немаат право да бидат избирани во ниедно тело:

- Вработени во Здружението
- Членовите што не платиле членарина помеѓу одржувањето на две годишни собранија

Следните членови нема да можат да гласаат при донесување на одлуки поврзани со обезбедување на материјали и услуги:

- сите членови кои имаат конфликт на интереси при донесување на одлуката.

Член 18

За своите членови организацијата ќе води Регистар на членови. Регистарот на членови, за кој што е одговорен секретарот на организацијата, се ажурира најмалку еднаш на две години.



ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА
СКОПЈЕ

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите согласно постоечките прописи во државата за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Член 19

Членството во Здружението може да престане поради смрт на членот, доколку членот самоволно поднесе барање за престанок на членството, поради суспензија или исклучување од Здружението.

Членот може да биде суспендиран или укинат по предлог на Управниот Одбор на Здружението или по барање на најмалку 5 членови со право на глас.

Предлогот се поднесува на гласање пред Собранието, кое донесува одлука со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас.
Членот може да биде суспендиран во времетраење од 3 или 6 месеци. За време на суспензијата, суспендираниот член го губи правото на глас, не смее да учествува во активностите ниту на било кој начин да го преставува Здружението.
Суспензијата може предвремено да се укине по предлог на 5 членови со право на глас, кој што предлог се поднесува за одлучување пред Собранието кое донесува одлука со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас.

Укинувањето на членството може да настане доколку членот:

- не се придружува до статутарните одредби на здружението и не дејствува во интерес на целите пропишани со неговата програма
- создава конфликни ситуации со останатите членови на организацијата со ја нарушува тековната работа на Здружението
- не учествува активно во здружението
- доколку не платил чланарина во рок од една година од денот на настанување на обврската,
- доколку кон членот е донесена правосилна одлука од страна на органите на државна управа, за забрана за вршење на основна дејност.
- други причини што го загрозуваат дејствувањето на Здружението

Доколку настане укинување на членството, сите привилегии стекнати со членството во Здружението, престануваат да важат.

Член кој бил исклучен од Здружението може да го обнови своето членство со поднесување на писмено барање. Во однос на барањето одлучува Собранието со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас.
Членовите кои доброволно го напуштиле Здружението или биле исклучени од Здружението, немаат право на истакнување на приговори и жалби за сопственоста на Здружението.

Член 20

Членовите на Здружението, имаат право и обврска да се ангажираат во остварувањето и реализацијата на целите и задачите на Здружението врз основа на своите овластувања, можности и способности, а особено:

- да управуваат со работата на Здружението, да ги избираат телата на Здружението и да вршат надзор над нивната работа;
- да го користат правото на глас по принципот, секој член има право на еден глас;
- да учествуваат во обезбедувањето на средства за реализирање на целите и задачите на Здружението;
- да се однесуваат со респект во работата на Собрание и неговите извршни органи, како и спрема Статутот како највисок Акт;
- да плаќаат редовно членарина во годишен износ која ќе биде утврдена со одлука на Собрание;
- да ја почитуваат својата професионална етика во извршувањето на своите обврски и обврските на Здружението;
- активно да учествуваат во реализацијата на целите и задачите на Здружението.

Член 21

Одговорноста на членовите на Здружението се утврдува врз основа на превземените обврски и статусни и статутарни овластувања и надлежности, во согласно со одредбите на овој Статут и Актите на Здружението.

## 5. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И НИВНИТЕ ПРАВА, НАДЛЕЖНОСТИ И ОДГОВОРНОСТИ

Член 22

Органи на Здружението се:

- Собрание;
- Управен одбор;
- Стручна служба.

### 5.1. СОБРАНИЕ

Член 23

Собрание е највисок орган на Здружението.

Организацијата и функционирањето на Собрание се уредува со овој Статут и со Деловник за работа на Собрание.

Член на Собранието може да биде секое лице кое ги исполнува условите да биде член на Здружението, што е поблиску определено со Член 17 од овој Статут, како и секој оној кој има интерес и потреба од членство и ги прифаќа одредбите на овој Статут.

Од редот на членовите на Собранието се избира Претседател со мандат од 2 (две) години, со право на еден реизбор.

Со Собранието претседава неговиот Претседател, којшто истовремено е и Претседател на здружението.

Во случај на отсуство на Претседателот на Собранието, со Собранието ќе заседава полноправен член кој ќе биде избран со мнозинство гласови од присутните членови со право на глас.

Член 24

Собранието ќе се состанува најмалку еднаш годишно.

Состаноците ќе се свикуваат:

1) на барање на 1/2 од членовите, или
2) со одлука на Управниот Одбор

Член 25

Состанувањето на Собранието се закажува од страна на Претседателот со испраќање на покана и дневен ред до сите членови. Поканата за Собранието треба да содржи место, време и дата за одржување на состанокот. Сите членови на Собранието треба да бидат известени најмалку 10 дена пред одржување на седницата.

Доколку состанокот се побара од страна на 1/3 од членовите, тогаш Претседателот мора да свика состанок во период од 15 дена од денот кога е добиено барањето, во спротивно, состанокот се свикува од страна на Управниот Одбор.

Предлог измени на Статутот можат да се најдат на дневен ред на Собрание доколку се предложат од:
1) најмалку 1/3 од членовите со право на глас, или
2) Управниот Одбор

Копија од предлог измените на Статутот мора да биде испратена до сите членови, пред одржувањето на Собранието, заедно со поканата за состанокот и дневниот ред. За одобрување и усвојување на предложените измени на Статутот потребно е 2/3 мнозинство.

Член 26

Во својата работа Собранието е легитимно кога се присутни повеќе од половината на неговите членови со право на глас.

Член 27

Собранието донесува одлуки преку гласање при што одлуката е усвоена ако е прифатена од 51% од присутните членови со право на глас.
Одлуките за престанок на Здружението или предлог за приклучување кон друга организација ќе бидат донесувани со одобрување на 2/3 од полноправните членови на Здружението.

Член 28

При гласањето, ќе се применува принципот еден член-еден глас.
Претседателот на Собранието води грижа за списокот на присутни членови на самото Собрание и за остварувањето на право на глас.

Член 29

Собранието ќе ги извршува следниве задачи:

- го донесува, изменува или дополнува Статутот;
- донесува Буџет и Завршна сметка на Здружението;
- донесува Програма за работа;
- превзема мерки и активности за реализација на целите и задачите на Здружението;
- утврдува проекти и врши избори, именувања и разрешувања на членовите на телата на проектите на Здружението;
- одлучува за зачленување или истапување на Здружението од членство во Меѓународни органи, организации и заедници, институции и други асоцијации;
- разгледува и одлучува по прашања од остварување на целите и задачите на Здружението;
- ги избира и ги разрешува членовите на Управниот одбор, Претседателот, Извршниот Секретар на Здружението;
- донесува одлуки за ратификација на меѓународни договори и други акти;
- донесува одлуки за назначување на почесни членови;

- врши избори, именувања и разрешувања на носители на одговорни функции утврдени со овој Статут и друг акт на Собранието;
- именува комисии
- донесува упатства, акти и други прописи за работа на Претседателот;
- врши други работи утврдени со Статутот.

Член 29а

Собранието ги разгледува извештаите на Претседателот, Управниот одбор и комисиите.
Собранието ги одредува овластувањата, правата и одговорностите на Управниот Одбор.
Собранието ги разгледува и прилагодува условите за вработување, финансиските правила и останати процедури за непречена работа на Здружението.

Член 30

Актите на Собрание, како и донесените одлуки ги потпишува Претседателот на здружението кој воедно е и претседател на собранието.

## 5.2. УПРАВЕН ОДБОР

Член 31

Управниот одбор на Здружението е извршно тело на Здружението и истото ги организира и координира активностите на Здружението помеѓу седниците на Собранието.
Управниот одбор го сочинуваат пет (5) членови.
Управниот одбор своите права и должности ги врши во рамките и врз основа на овој Статут и актите на Собранието.
Управниот одбор се грижи за примена на овој Статут и врши други работи утврдени со овој Статут.
Управниот одбор е орган којшто е овластен од Собранието да ги применува сите права на Собранието освен да одобрува одлуки за кои одлучува Собранието, да менува членови во Управниот одбор или било кој друг орган именуван од Собранието и да го менува или дополнува Статутот на здружението.

Член 32

Управниот одбор ги има следниве задачи:

- се грижи за усогласување на работата на телата и на одделенијата на Здружението;
- ја потикнува соработката со владини и невладини, национални и меѓународни органи, организации и институции;
- се грижи за обезбедување на услови за информирање на членовите на Здружението;
- одлучува за испраќање на делегации и го одредува нивниот состав и одлучува за примање на делегации во Здружението;
- предлага образување на повремени работни тела и ангажира лица за спроведување на целите и задачите на Здружението;
- дава инструкции и насоки за извршувањето на целите и задачите на Здружението и Претседателот;
- донесува упатства, акти и други прописи за работа на Претседателот;
- го утврдува финансирањето на активностите на Здружението;
- го утврдува предлог Буџетот на Здружението и начинот на покривање на трошоците;

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

- го утврдува предлогот на Завршна сметка на Здружението;

Член 33

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.
Одлуките кои ги донесува Управниот одбор, ќе бидат донесувани на седници со 2/3 мнозинство ако на седницата присуствуваат повеќе од половината на членовите.

Член 34

За член на Управниот одбор може да биде избран активен член од Здружението, како и надворешни членови со одлука на Собранието.
Седниците ќе бидат одржувани секои три месеци, а по изјавена потреба на член на Управниот одбор може и порано.
Половина од членовите на Управниот одбор ќе бидат жени. Една позиција од Управниот одбор ќе биде резервирана за лице под 24 години.

Член 35

Членовите на Управниот одбор се бираат на период од две ( 2 ) години. Членовите на Управниот одбор може да бидат разрешени од функцијата, доколку несовесно ја извршуваат функцијата која им е доверена и работат спротивно на своите овластувања утврдени со овој Статут.
Иницијативата за промена на членовите на Управниот одбор може да произлезе од: писмено барање на член со кое бара да биде разрешен, одлука на Собрание, кога нема можност да ја извршува функцијата член на Управен одбор поради здравствени причини, отсуство од земјата и слично за период повеќе од три месеци. Стариот член ќе биде заменет со новоизбран член.
На седница на Собрание може да биде изгласана недоверба и на Управниот одбор во целина и истиот се заменува со ново избраниот.
Член на У.О. кој неоправдано изостане од седница на У.О. последователно 3 (три) пати, со што го попречува работењето на седниците, автоматски го губи својството на член на У.О.
Од членовите на Управниот одбор се бира претседател на У.О. чии мандат е со траење од една (1) год. без право на повторен избор.

## 5.3. ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 36

Претседателот на Здружението ги има следниве права и должности:

- го претставува Здружението;
- ја утврдува политиката на извршување на актите и ги спроведува актите на Собрание и на Управниот одбор и е одговорен за нивно извршување;
- дава инструкции и насоки за извршување на целите и задачите на Здружението;
- се грижи за остварување на соработката и меѓународната активност на Здружението;
- свикува седници на Собрание и на Управниот одбор на Здружението;
- предложува донесување на акти на Собрание и на Управниот одбор;
- ја потпишува завршната сметка што е претходно усвоена од Генералното Собрание;
- ги потпишува актите и одлуките кои ќе бидат донесени од Собрание;
- врши други работи и задачи кои ќе му бидат доверени од Собрание и Управниот одбор.

Член 37

Претседателот на здружението се избира од редот на членовите на здружението со мандат од 2 (две) години со можност на еден реизбор.

### 5.5. ДРУГИ ОРГАНИ

Член 38

Со овој Статут се предвидуваат и други тела, а тоа се:

- Благајник на Здружението;
- Стручна служба на Здружението;
- Стручни тела

Член 39

Потребата за формирање на други тела ја утврдува Управниот одбор, на некоја од своите седници и донесува за тоа одлука во согласност од потребата за формирање на овие тела, при што им се определуваат тогаш поблиску надлежностите.

Одлуката на Управниот одбор за формирање на други тела се поднесува на гласање пред Собранието, кое донесува одлука со мнозинство на гласови од присутните членови со право на глас.

## 6. СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 40

Средствата за работа на Здружението се обезбедуваат од членарината што ја плаќаат членовите, од донации, спонзорства, подароци и други извори.

Член 41

За извршување на одредени работи, проекти, ангажмани и друго, што не се финансираат од членарината, Здружението може да формира фонд за посебна намена, каде членовите уплатуваат средства.

Начинот на формирањето на фонд за посебна намена, се уредува со посебен акт што го донесува Генералното Собрание.

Член 42

Здружението има своја посебна сметка во неговото седиште. Банкарската сметка има двајца потписници, Претседателот на Здружението и уште еден член, со овластување од Собрание.

## 7. ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 43

Здружението го претставува и го застапува Претседателот на Здружението. Свое овластување Претседателот може да пренесе на член на Управен одбор.

Доколку претседателот е отсутен подолго време, Собранието со одлука на мнозинство гласовиод присутните членови со право на глас избира еден полноправен член за привремен претставник на Здружението.

## 8. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 44

Здружението престанува во следниве случаи:

- ако е донесена одлука на Генералното Собрание со 2/3 мнозинство
- ако се утврди дека здружението престанало со работа и
- во други случаи определени со закон.

Лицето кое го застапува Здружението е должно доколку некоја од околностите наведени во став 1 ако е исполнета, во рок од 15 дена за тоа да го извести Основниот Суд по нивното настанување.

Престанокот на здружението го утврдува Централниот регистар на РМ со решение.

## 9. ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА И ДРУГА ДЕЈНОСТ

Член 45

Здружението може да основа правни и други субјекти, самостојно или со друг сооснивач, заради самофинансирање на сопствените активности и остварување на целите и задачите на Здружението.

## 10. ЗАШТИТЕН ЗНАК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Член 46

Здружението треба да поседува заштитен знак.

Знакот ќе има свој амблем, во правоаголна форма. Од долниот лев агол кон горната страна се издигнуваат три-димензионални коцки во три колони. Во првата колона од лево кон десно има три тридимензионални коцки една врз друга од кои првата и втората одоздола нагоре се сиви додека третата е со светло сина боја во чија што средина е испишана со жолта боја латиничната буква "R". Во вториот ред има две тридимензионални коцки од кои првата одоздола нагоре е сива а втората со светло сина боја во чија што средина е испишана со жолта боја латиничната буква "R". Во третиот ред има само една тридемензионална коцка со светло сина боја во чија што средина е испишана со жолта боја латиничната буква "C". Опишаните коцки се оградени со квадрат со сина боја. На десната страна од квадратот испишани се во три реда името на здружението и тоа: во првиот ред со црна боја испишано е името на англиски јазик со латинични букви "Roma Resource Center" при што почетните букви на секој збор се со плава боја. Во вториот ред со сива боја е испишано името на македонски јазик со кирилични букви "Ромски Ресурсен Центар". Во третиот ред со сива боја е испишано името на ромски јазик со латинични букви "Romano Resursno Centro". Под овој ред на англиски јазик со латинични букви се испишани зборовите "Train, Coach, Research, Assess, Analize". Под првиот ред со англискиот назив на името се протега сива хоризонтална линија која е во иста должина како и буквите. Нејзиниот лев крај на почетокот се сече со помала вертикална линија. Под вториот ред со македонскиот назив на името се протега сива хоризонтална линија која е во иста должина како и буквите чиј што десен крај на крајот се сече со помала хоризонтална линија.

Од долниот десен агол на синиот квадрат кој ги обиколува коцките опишани погоре, се протега хоризонтален и вертикален продолжеток при што претставуваат граници на зборовите "Train, Coach, Research, Assess, Analize".
Амблемот на РРЦ ќе изгледа вака:

Roma Resource Center
Ромски Ресурсен Центар
Romano Resursno Centro
Train, Coach, Research, Assess, Analize

## 11. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 47

Прашањата кои не се утврдени и регулирани со овој Статут се уредуваат со Акти на собрание и на Управниот Одбор.
Автентично толкување на одредбите од овој Статут, по барање на член од Здружението, дава и донесува Собранието на предлог на Управниот одбор.

Член 48

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.
Првиот Статут на Здружението на граѓани Ромски Ресурсен Центар беше усвоен од страна на Собранието на 29 јануари 2010 година.
Собранието на Здружението на граѓани Ромски Ресурсен Центар на ден 25 октомври 2017 година го усвои пречистениот текст на статутот.

Претседател,

Ипек Усаинова